Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 19.11.2019

На 18.11.2019 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.П.(25) и В.Т.(32), двајцата од Скопје, затоа што при претрес во домот на Д.П. во населбата Ѓорче Петров, извршен со судска наредба, каде бил затекнат и В.Т., биле пронајдени и одземени марихуана, дигитална вага со остатоци од прашкаста материја и куршуми непознат калибар. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.11.2019 во 09.15 часот на Граничен премин „Ќафасан" од слобода бил лишен М.Д.(35) од Скопје, затоа што при пасошка контрола било констатирано дека се наоѓа на стоп-листата со мерка „апси", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Струга за понатамошна постапка.

На 18.11.2019 во 20.00 часот на Граничен премин „Деве Баир"од слобода бил лишен Т.А.(29) од Р.Турција, кој управувал товарно моторно возило „волво" со турски национални ознаки, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа - зелена карта". Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

Во текот на 18.11.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **еден** возач управувал возило со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **седум** возачи, од кои: **еден** возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол и **шест** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и **две** возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **двајца** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **еден** возач поради неправилно престројување, **двајца** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **еден** возач поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкциониран е **еден** пешак поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се **46** мандатни платни налози и **61** возило е подигнато со специјално возило „пајак".

На 18.11.2019 во 16.40 часот на регионалниот пат Прилеп - Крушево, патничко моторно возило „фолксваген венто", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Р.У.(71) од с.Славеј, прилепско, удрило во велосипед управуван од А.Р.(71) од с.Славеј. Во незгодата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Градската општа болница Прилеп за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од екипа на Полициската станица Прилеп.

На 18.11.2019 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на територијата на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување. Притоа, биле констатирани **четири** прекршоци, од кои **два** во Велес, **еден** во Кавадарци и **еден** во Неготино. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

На 18.11.2019 во 10.20 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во атарот на с.Мало Коњари, прилепско, М.Д.(79) од с.Мало Коњари, паднал од трактор и се здобил со тешки телесни повреди. Тој бил

пренесен во Градската општа болница Прилеп за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

На 18.11.2019 во 19.00 часот во Полициската станица Центар, Т.С.(70) од Скопје пријавила дека на бул.„Свети Климент Охридски" била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

На 18.11.2019 во периодот од 07.00 до 12.00 часот СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување. Притоа, било констатирано дека **23** возачи извршиле непрописно престигнување, од кои **шест** на подрачјето на Штип, **седум** во Кочани, **седум** во Виница и **три** во Свети Николе. За сите прекршоци изречени се соодветни казни. Санкционирани се и **20** останати прекршоци.

На 18.11.2019 во 08.05 часот на пешачки премин на ул.„Васил Главинов" во Штип, патничко моторно возило „опел кадет", со штипски регистарски ознаки, управувано од З.Е.(55) од Штип, удрило во пешакот Е.К.(43) од Штип. Во незгодата, Е.К. се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во Клиничката болница во Штип за укажување лекарска помош. За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 18.11.2019 во периодот од 07.00 до 11.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат неправилно престигнување и обиколување. Притоа, биле констатирани **12**прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

На 18.11.2019 во 15.20 часот во Полициската станица Карпош, Л.Д.(61) од Скопје пријавил дека на бул.„Илинден" бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 18.11.2019 околу 18.35 часот на ул.„Љуботенска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле Б.Х.(23) од Тетово, осуден на затворска казна за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори".Набргу потоа, Б.Х. бил спроведен во Казнено - поправната установа„Тетово" за издржување на казната.

На 18.11.2019 во 09.25 часот, полициски службеници од Полициската станица Свети Николе, поради нелегален влез во Р.С. Македонија, ги привеле С.Н.(33) и Х.К.С.(27), двајцата државјани на Авганистан. Тие биле задржани за понатамошна постапка.

Полициски службеници од СВР Битола на 18.11.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **10** возачи управувале возило без возачка дозвола, **пет** возила биле нерегистрирани, **еден** возач управувал со поголема брзина од дозволената, **девет** возачи зборувале на мобилен телефон додека управувале возило, **три** возачи управувале возило под дејство на алкохол и тие се исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 18.11.2019 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјетона Тетово била спроведена сообраќајна акциска контрола за возачи кои вршат неправилно престигнување и обиколување. При контролатабиле откриени **15** прекршоци, за кои биле изречени соодветни санкции. Во оваа контрола, исто така, откриени и санкционирани се и **седум** други видови прекршоци.

На 19.11.2019 во 00.15 часот во СВР Скопје, М.Т.(23) од Скопје пријавил дека на 18.11.2019 околу 18.30 часот на Камениот мост во Скопје, поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.11.2019 во 21.10 часот на бул.„АСНОМ" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.В.(31) од Скопје, поради тоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.11.2019 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во периодот од 14.11.2019 до 15.11.2019, едно лице со употреба на сила одзело пари од манастирот Св.„Никита". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.11.2019 во 17.50 часот на ул.„Сердарот" во Скопје, патничко моторно возило „пежо 206", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(35) од Скопје, удрило во велосипед, при што велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на несреќата од екипа од СВР Скопје.

На 18.11.2019 во 10.20 часот на ул.„Народен фронт" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.Т. од Скопје, поради тоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријва против И.С.(45) од с.Гошинце, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 11.09.2019 на локален пат во с.Бедиње, кумановско, пријавениот, со товарно моторно возило „мерцедес", вршел превоз без лиценца на огревни дрва со испратници од фирма од с.Гошинце.

На 18.11.2019 околу 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди" во Скопје, неколку лица физички го нападнале И.Б.(18) од Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.11.2019 во Полициската станица Кичево, А.Ф.(61) од Кичево пријавил дека на ул. „Маршал Тито" во Кичево, неговиот малолетен внук бил каснат од куче скитник.

На 18.11.2019 во 19.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на бул.„Св. Климент Охридски" едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.С.(20) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 30.07.2019 полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 18.11.2019 во 20.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продажен објект на ул. „Боро Менков" едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.11.2019 во СВР Скопје било пријавено дека Ж.П.(67) од Скопје, кој живеел во камп приколка во с.Дељадровци, се оддалечил од домот. Според пријавеното, лицето и претходно се оддалечувало и се враќало. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.11.2019 во 12.30 часот во Полициската станица Тетово, Н.З.(53) од Гостивар пријавил дека пред две години бил измамен од С.С., кој за парична надокнада го измамил дека ќе ја вработи неговата ќерка во државна институција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)